Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА



**август 2025 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

**Р Е З И М Е** ..... **2**

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** ..... **3**

Индустриско производство ..... 3

Број на работници во индустријата ..... 4

Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар ..... 5

Индекси на прометот во индустријата ..... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 6

Број на извршени градежни работи по видови објекти ..... 7

Промет во секторот трговија ..... 8

Инфлација ..... 8

Берзански цени ..... 10

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** ..... **11**

Извоз ..... 12

Увоз ..... 12

Салдо на трговска размена ..... 14

Валутна структура ..... 14

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** ..... **14**

Буџетски приходи и расходи според економската класификација ..... 14

Расходи по буџетски корисници ..... 17

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** ..... **18**

Новоработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување ..... 18

Плати ..... 19

Пензии ..... 20

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** ..... **21**

Примарни пари ..... 21

Депозитен потенцијал ..... 21

Кредити на банките ..... 22

Каматни стапки на депозитни банки ..... 23

Пазар на капитал ..... 23

Девизни резерви ..... 23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## август 2025 година

- Во август 2025 година, индустриското производство забележа пад од 3,5% во споредба со истиот месец претходната година;
- Стапката на инфлација во август 2025 година изнесува 4,4% на годишно ниво и овој месец таа го забави своето темпо споредено со претходниот месец (4,8% во јули 2025 година). На месечно ниво, инфлацијата бележи раст од 0,2%;
- Во периодот јануари - август 2025 година извозот забележа раст од 1,7%, а увозот од 2,7%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 5,0% споредено со истиот период од 2024 година;
- Во периодот јануари – август 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 213.652 милиона денари, што претставува 59,0% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 8,2% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2024 година;
- Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – август 2025 година изнесува 241.975 милиони денари, што претставува 59,9% од годишниот план, и бележи зголемување за 9,5% во однос на истиот период од 2024 година;
- Во август 2025 година, вкупните кредити се зголемија за 12,9% во споредба со август 2024 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 12,4%;
- Просечната исплатена нето-плата во јули 2025 година достигна 45.276 денари, притоа забележувајќи номинален годишен раст од 10,5% и реален раст од 5,5%. Највисока просечна нето-плата е регистрирана во дејноста „Компјутерско програмирање“ и таа изнесува 102.689 денари.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во август 2025 година, индустриското производство забележа пад од 3,5% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намаленото производство во секторите: Преработувачка индустрија за 1,4% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 26,8%, додека зголемување на производството бележи секторот Рударство и вадење камен за 7,0%.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Раст на производството во август 2025 година бележат 12 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 48,3% од вкупната индустрија.

Од гранките со повисока додадена вредност, раст во август 2025 година е забележан кај производството на електрична опрема за 0,1% со придонес од 0,0 п.п. и кај производството на моторни возила, приколки и полуприколки за 1,5% со придонес од 0,3 п.п., додека намалување бележат производството на машини и опрема за 19,3%, со придонес од -1,1 п.п. и производството на метали за 29,2% со придонес од -1,0 п.п.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од традиционалните гранки, во август 2025 година зголемување на производството се забележува кај гранките: производство на тутунски производи за 114,1% со придонес од 0,1 п.п., производство на кожа за 46,5% со придонес од 0,2 п.п., производство на облека за 8,4% со придонес од 0,5 п.п. и производство на пијалаци за 0,3% со придонес од 0,0 п.п., додека намалување на производството се забележува кај гранките: производство на дрво и производи од дрво и плута за 23,5% со придонес од -0,2 п.п., производство на текстил за 20,8% со придонес од -0,9 п.п. и производство на прехранбени производи за 6,1% со придонес од -0,7 п.п..

Во август 2025 година споредено со август 2024 година, индустриското производство според намената на произведените единици е зголемено единствено во групата Интермедијарни производи, освен енергија (раст од 14,8%, со придонес од 4,4 п.п.), а намалено во групите: Енергија (пад од 23,7% со придонес од -2,1 п.п.), Капитални производи (пад 12,0%, со придонес од -3,1 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 9,1%, со придонес од -0,4 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 5,7%, со придонес од -1,8 п.п.). Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари – август 2025 година е регистриран во следните групи: Интермедијарни производи, освен енергија (за 14,0%) и Трајни производи за широка потрошувачка (за 0,1%), додека пад се забележува во групите: Енергија (за 10,2%), Капитални производи (за 2,4%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 1,1%).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, август 2025 година)*




1 - Производство на производи од гума и производи од пластични маси
2 - Производство на хемикалии и хемиски производи
3 - Производство на тутунски производи
4 - Производство на други неметални минерални производи
5 - Производство на облека

Извор: ДЗС

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, август 2025 година)*




1 - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација
2 - Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема
3 - Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место
4 - Производство на метали
5 - Производство на текстил

Извор: ДЗС

## Број на работници во индустријата

Во август 2025 година, бројот на работници во индустријата е намален за 2,6% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 1,7%, Преработувачка индустрија за 2,7% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,6%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на тутунски производи за 42,5%, производство на машини и уреди за 8,8% и производство на производи од гума и производи од пластични маси за 6,1%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во август 2025 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележат групите: Интермедијарни производи, освен енергија за 1,0% и Трајни производи за широка потрошувачка за 7,3%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – август 2025 година бележи пад за 3,8%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,2%, Преработувачка индустрија за 4,1% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,5%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - август 2025 година е зголемен единствено во групата Трајни производи за широка потрошувачка за 13,1%.

## Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

Во август 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 4,9% во споредба со истиот месец минатата година. Покачувањето се должи на зголемените цени во сите сектори: Рударство и вадење камен за 4,2%, Преработувачка индустрија за 4,5%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 7,0% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 1,9%.

**Графикон 1.5**: Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по сектори




Во август 2025 година во споредба со август 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 6,5%, Интермедијарни производи, освен енергија за 4,4%, Производи за широка потрошувачка за 4,8% и Нетрајни производи за 5,1%.

**Графикон 1.6**: Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по групи




На кумулативна основа, во периодот јануари – август 2025 година во споредба со истиот период минатата година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 6,0%, што се должи на зголемените цени во сите сектори: Рударство и вадење камен за 1,0%, Преработувачка индустрија за 4,4%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 15,0% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,0%.

Во периодот јануари – август 2025 во споредба со јануари – август 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 13,8%, Интермедијарни производи, освен енергија за 3,8%, Производи за широка потрошувачка за 5,0% и Нетрајни производи за 5,3%.

## Индекси на прометот во индустријата

Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во индустријата во август 2025 година во однос на август 2024 година бележи пад од 3,9%. Падот се должи на намалениот промет во секторите Преработувачка индустрија за 3,9% и Рударство и вадење камен за 2,7%.

**Графикон бр.1.7:** Раст на прометот во индустријата во главните индустриски групи




Во август 2025 година во споредба со август 2024 година, прометот во индустријата се намали во групите:

Интермедијарни производи освен енергија за 5,5%, Капитални производи за 5,6%, Трајни производи за широка потрошувачка за 14,6%, додека раст се забележува само во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка за 0,8%.

Гранки со најголем раст на прометот во индустрија во август 2025 година во споредба со истиот месец минатата година се:

- Производство на тутунски производи (раст од 58,7%);
- Производство на производи од гума и производи од пластични маси (раст од 13,8%) и
- Производство на компјутерски, електронски и оптички производи (раст од 12,3%).

На кумулативна основа, во периодот јануари – август 2025 година во споредба со истиот период минатата година прометот во индустрија бележи раст од 6,7%, што се должи на зголемениот промет во двата сектора - Рударство и вадење камен за 0,4% и Преработувачка индустрија за 6,9%.

Во периодот јануари - август 2025 година во споредба со периодот јануари – август 2024 година прометот во индустрија се зголеми во сите групи: Интермедијарни производи, освен енергија за 4,4%, Капитални производи за 11,5%, Трајни производи за широка потрошувачка за 1,4% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 2,8%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во август 2025 година се забележува намалување кај одобренијата за градење, по растот од претходниот месец (401 одобрение за градење во јули 2025 година). Оттука, бројот на издадени одобренија за градење изнесува 280, што претставува раст од 1,8% во однос на истиот месец од 2024 година. Ваквиот раст се должи на годишниот раст на издадени одобренија за градење за високоградба за 8,5% (кои во вкупниот број издадени одобренија за градење учествуваат со 63,9%) и кај објектите за реконструкција за 7,7%, додека намалување се забележува кај бројот на издадени одобренија за нискоградба за 31,1%. Висок раст се забележува кај инвеститорите деловни субјекти. Доколку се гледа според региони, исто така, се забележува дека бројот на издадени одобренија за градење расте во повеќето региони, пред сè во Полошкиот, Југоисточниот, Источниот и Пелагонискиот Регион.

**Графикон 1.8:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.9: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(август 2025)*




Извор: ДЗС.

Споредено со јули 2025 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 30,2%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во август 2025 година е повисока за 8,0% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи пад за 83,5%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење 179 (или 63,9%) се наменети за објекти од високоградба, 31 (или 11,1%) за објекти од нискоградба и 70 (или 25,0%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 280 издадени одобренија за градење, на 166 објекти (или 59,3%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 114 објекти (или 40,7%) инвеститори се деловни субјекти.



Графикон 1.10: Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*

Со издадените одобренија за градење во август 2025 година предвидена е изградба на 646 станови со вкупна корисна површина од 64.251м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 3,1% на месечно ниво, а зголемен за 21,7% на годишно ниво.

## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Вкупната вредност на извршените градежни работи во јули 2025 година изнесува 3.545 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 26,8%, при што раст се забележува кај нискоградбатата за 40,1% и кај специјализираните градежни работи за 722,9%, додека кај високоградбата се забележува пад за 31,3%. Споредено со јуни 2025 година, вкупната вредност на извршените градежните работи бележи пад од 7,2%, и тоа кај високоградбата за 36,7% и кај нискоградбата за 11,1%, додека кај специјализираните градежни работи се забележува раст од 758,3%. Кумулативно, во периодот јануари – јули 2025 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 19.800 милиони денари, што е за 12,6% повеќе во споредба со истиот период минатата година.



**Графикон 1.11:** Извршени градежни работи (милиони денари)

Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во периодот јануари - јули 2025 година се извршени градежни работи во вредност од 12.437 милиони денари, односно за 9,6% повеќе во однос на истиот период минатата година. Во овој период, вредноста на извршените работи кај високоградбата се зголеми за 9,5% и изнесува 6.136 милиони денари, а кај специјализираните градежни работи вредноста на извршените работи изнесува 1.227 милиони денари, односно за 96,1% повеќе во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - јули 2025 година се намали за 13,2%, при раст кај високоградбата (10,2%), кај специјализираните градежни работи (97,0%) и кај нискоградбата (10,1%).

## Промет во секторот трговија

Во август 2025 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот за 1,1% по падот од 0,4% во јули 2025 година. Вредноста на прометот во август 2025 година изнесува 69.899 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - август 2025 година вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 535.780 милиони денари, што е за 1,8% повеќе во однос на истиот период минатата година.



**Графикон 1.12:** Трговија на мало, реална годишна промена (%)

Кумулативно, во периодот јануари - август 2025 година, позитивен раст на прометот е забележан во секторите трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 217.870 милиони денари, што е за 4,3% повеќе во споредба со истиот период минатата година и трговија со моторни возила и поправки на мало, чија вредност на прометот изнесува 32.570 милиони денари, односно за 6,3% повеќе во однос на истиот период минатата година, а кај трговија на големо вредноста на прометот за тој период изнесува 285.340 милиони денари, што е за 0,4% помалку во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, во август 2025 година, трговијата на мало бележи раст од 1,1%, по падот од 2,3% во јули 2025 година, додека анализирано по групи и класи зголемување се забележува и кај групите: трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 3,8% и трговија на мало со автомобилски горива за 4,8%, додека намалување бележи единствено групата трговија на мало со непрехранбени продукти за 3,7%.

Во август 2025 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (51,9%), а потоа следуваат Трговија на мало (42,5%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (5,6%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во август 2025 година изнесува 4,4% на годишно ниво и овој месец го забави своето темпо споредено со претходниот месец (4,8% во јули 2025 година). Овој месец инфлацијата главно произлегува од прехранбената и базичната компонента, иако и двете компоненти бележат забавување во однос на претходниот месец.



Графикон 1.13: Инфлација според COICOP (*стапки на раст во %*)
Извор: ДЗС.

Просечната инфлација во периодот јануари - август 2025 година изнесува 4,0% на годишно ниво.

Во август 2025 година, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) регистрираше забавување споредено со претходниот месец и таа изнесува 5,0% на годишна основа (5,5% во јули).

Овој месец цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци се зголемија за 6,2% и тие забележуваат забавување на растот во споредба со претходниот месец (6,8% во јули), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во август изнесува 2,5 п.п. и е намален за 0,2 п.п. во споредба со претходниот месец. Најголем позитивен придонес во растот на категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа поткатегориите: овошје (годишен раст од 25,4% и придонес од 0,5 п.п.), месо (годишен раст од 4,5% и придонес од 0,4 п.п.), кафе, чај и какао (годишен раст од 28,7% и придонес од 0,4 п.п.) и зеленчук (годишен раст од 5,8% и придонес од 0,3 п.п.).

Графикон 1.14: Структура на инфлацијата според COICOP (*придонеси во п.п.*)




Извор: ДЗС.

Гледано по компоненти, по растот на цените на Храна и безалкохолни пијалаци, највисок годишен раст на цените во август 2025 година е забележан во категориите Рекреација и култура и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од по 5,8[1]%. Раст на цените е регистриран и кај следните категории: Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 5,3%, Ресторани и хотели од 4,4%, Разновидни стоки и услуги од 4,1%, Транспорт од 3,6%, Облека и обувки од 3,3%, Здравствена заштита од 2,0%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,2%, Комуникации од 0,6% и Образование од 0,1%.

Во август, потрошувачките цени се зголемија за 0,2% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 1,1%) што е резултат на растот во повеќе категории, од кои најголем придонес има категоријата Храна и безалкохолни пијалаци. Раст на цените е регистриран и во категориите: Ресторани и хотели од 2,1%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,7%, Храна и безалкохолни пијалаци и Разновидни стоки и услуги од по 0,6%, Рекреација и култура од 0,3% и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,1%. Цените во категоријата Транспорт се намалија за 3,1%, во категоријата Облека и обувки за 0,6% и во категориите Здравствена заштита и Образование од по 0,1%. Цените во категориите Комуникации и Домување, вода, електрика, гас и други горива останаа непроменети на месечно ниво.

Графикон 1.15: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан




Во август 2025 година, стапката на инфлација во Еврозоната се зголеми за 0,1% во споредба со јули и изнесува 2,1%[2].

[1] Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите, акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сѐ до 2030 година. Во октомври 2024 година беше воведена нова цена на тутунот.

[2] Податокот е процена на Евростат

Согласно проекциите на ЕЦБ, од стапката на инфлација на краток рок се очекува благо намалување на 2,0% во 2025 година, пред да се намали на 1,6% во 2026 година и 2,0% во 2027 година. Се очекува пад на вкупната инфлација под 2% во вториот квартал од 2025 година и потоа да продолжи да се намалува во почетокот на 2026 година до минимум од околу 1,4%. Зголемувањето на вкупната инфлација на 2,0% во 2027 година ќе се должи на привремено нагорно придвижување на цената на енергијата како резултат на мерки поврзани со енергетската транзиција.

Графикон 1.16: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

## Берзански цени

Во август 2025 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се намали за 3,9% на месечно ниво и изнесува 68,2 долара за барел. Намалувањето се должи на слабеењето на факторите што ја поттикнаа нагорната корекција, односно смирувањето на тензиите на Блискиот Исток т.е. конфликтот помеѓу Израел и Иран и променливата динамика на понудата и побарувачката. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 15,7%.

Во август 2025 година, цената на природниот гас[3] се намали за 5,6% на месечно ниво. Намалувањето на цената на гасот е под влијание на неколку фактори меѓу кои пониска побарувачка поради временските услови и високо ниво на залихи на европските складишта, а од друга страна зголемена понуда и намалување на притисокот од геополитичките тензии. Во август 2025 година, цената на природниот гас се зголеми за 4,7% на годишно ниво.

Графикон 1.17: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX), цената на електричната енергија во август 2025 година изнесува 80,51 евро за мегават/час и на месечно ниво регистрираше пад од 22%. Овој месец цената на електричната енергија се намали за 33,4% на годишно ниво.

Графикон 1.18: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во август 2025 година, цените на повеќето основни метали регистрираа намалување на месечно ниво, и тоа: на оловото за 2,3%, на бакарот за 1,0%, на никелот за 0,6% и на алуминиумот за 0,3%. Зголемување на цените на месечно ниво регистрираа цинкот и калајот, и тоа за 1,0% и 0,7%, соодветно. Цената на железната руда регистрираше раст од 2,5% на месечно ниво.

[3]Natural gas index (2010=100)

На месечна основа, во август 2025 година цената на златото се зголеми за 0,8%. Од другите благородни метали, цената на среброто се зголеми за 1,3%, додека цената на платината регистрираше пад од 3,5%.

Во август цените на пченката и на пченицата се намалија на месечна основа за 3,4% и 4,9%, соодветно. Цената на сончогледовото масло се зголеми за 4,9% на месечна основа.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |
| III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |
| IV | 61,96 | 90,5 | 321,4 |
| V | 72,2 | 82,0 | 358,2 |
| VI | 91,7 | 82,6 | 384,6 |
| VII | 135,5 | 85,3 | 366,1 |
| VIII | 120,8 | 80,9 | 437,8 |
| IX | 106,1 | 74,3 | 416,94 |
| X | 92,2 | 75,7 | 457,1 |
| XI | 163,7 | 74,4 | 492,7 |
| XII | 143,9 | 73,8 | 490,3 |
| 2025 I | 140,2 | 79,2 | 518,8 |
| II | 158,9 | 75,2 | 542,8 |
| III | 109,0 | 72,6 | 468,3 |
| IV | 85,5 | 67,6 | 410,1 |
| V | 80,9 | 64,2 | 412,7 |
| VI | 84,1 | 71,5 | 437,6 |
| VII | 103,3 | 71,0 | 411,2 |
| VIII | 80,5 | 68,2 | 394,4 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите осум месеци од 2025 година изнесува 12.816,3 милиони евра и бележи раст од 2,3% во однос на истиот период од минатата година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор:

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - август 2025 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е намалено за 2,2 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 59,8%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите осум месеци од 2025 година изнесува 21,1% и е намалено за 2,6 п.п. во однос на истиот период од 2024 година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во првите осум месеци од 2025 година изнесува 5.278,1 милион евра и бележи раст од 1,7% (87,9 милиони евра) во однос на истиот период од 2024 година, а физичкиот обем на извозот е намален за 2,2% во однос на истиот период минатата година.

Вредноста на извезените стоки во август 2025 година изнесува 568,3 милиони евра и бележи пад од 8,7% (54,2 милиона евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 0,7% споредено со август 2024 година.

Анализирано на месечно ниво, во август 2025 година извозот бележи пад од 14,7% (98,0 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен пад од 5,9%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (8,8 п.п.) врз извозот овој месец.

**Графикон 2.3:** Производи со највисоко учество во извозот (по СМТК)




Извор: ДЗС.

Вредноста на извозот на храна во првите осум месеци од 2025 година е зголемена за 24,5 милиони евра, што претставува раст од 7,1% во однос на истиот период од 2024 година, а количината на извезената храна е намалена за 12,5%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите осум месеци од 2025 година изнесува 7,0% и е зголемено за 0,4 п.п. во однос на истиот период од 2024 година., Најголемо учество во вкупниот извоз на храна има извозот на следните производи: овошје и зеленчук (43,5%), жита и преработки од жита (22,2%), млечни производи и јајца (9,5%) и месо и преработки од месо (8,5%).

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во првите осум месеци од 2025 година изнесува 7.538,2 милиона евра и бележи раст од 2,7% (195,9 милиони евра) во однос на истиот период од 2024 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 6,0%.

Вредноста на увозот во август 2025 година изнесува 874,6 милиони евра и бележи раст од 2,8% (23,5 милиони евра) во однос на истиот месец од 2024 година, а увезените количини стоки се зголемени за 1,8% споредено со август 2024 година.







Анализирано на месечно ниво, во август 2025 година увозот бележи пад од 11,3% (111,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 4,7%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (6,6 п.п.) врз увозот овој месец.

Вредноста на увозот на храна во првите осум месеци од 2025 година е зголемена за 43,3 милиони евра, што претставува раст од 6,2% во однос на истиот период од 2024 година, а количината на увезената храна е зголемена за 2,7%. Во првите осум месеци од 2025 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,8% и е зголемено за 0,3 п.п. во однос на истиот период од 2024 година. Најголемо учество во вкупниот увоз на храна има увозот на следните производи: месо и преработки од месо (21,6%), овошје и зеленчук (15,9%), жита и преработки од жита (13,1%), кафе, чај, какао и зачини (11,5%) и млечни производи и јајца (11,3%).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2024 | I-VIII-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 85.9 | 51.4 | -34.5 | -40.1 |
| Мил. ЕУР | 61.2 | 35.9 | -25.3 | -41.4 |
| Мил.$ | 66.3 | 39.9 | -26.4 | -39.9 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2024 | I-VIII-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 776.5 | 751.6 | -24.9 | -3.2 |
| Мил. ЕУР | 560.0 | 468.7 | -91.3 | -16.3 |
| Мил.$ | 607.1 | 521.2 | -85.9 | -14.1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2024 | I-VIII-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 42.6 | 49.2 | 6.6 | 15.5 |
| Мил. ЕУР | 1,278.4 | 1,098.8 | -179.6 | -14.1 |
| Мил.$ | 1,385.4 | 1,220.5 | -164.9 | -11.9 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2024 | I-VIII-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 20.4 | 22.3 | 1.9 | 9.3 |
| Мил. ЕУР | 118.8 | 117.0 | -1.8 | -1.5 |
| Мил.$ | 128.7 | 129.9 | 1.2 | 0.9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2024 | I-VIII-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 446.4 | 465.3 | 18.9 | 4.2 |
| Мил. ЕУР | 347.1 | 351.2 | 4.0 | 1.2 |
| Мил.$ | 376.4 | 389.0 | 12.6 | 3.4 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2024 | I-VIII-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 466.6 | 562.9 | 96.3 | 20.6 |
| Мил. ЕУР | 321.0 | 351.0 | 30.0 | 9.3 |
| Мил.$ | 347.9 | 389.9 | 42.0 | 12.1 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во август 2025 година, трговскиот дефицит се зголеми за 34,0% односно 77,7 милиони евра споредено со август 2024 година.

Во периодот јануари - август 2025 година, трговскиот дефицит се зголеми за 5,0% односно 108,1 милион евра споредено со истиот период минатата година.




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со стоки за индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка, горива и мазива, и храна и пијалаци. Од друга страна, пак, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во првите осум месеци од 2025 година, 89,5% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Турција, а потоа следуваат: Грција, Србија, Италија, Полска, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Унгарија и други.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 90,7% од трговската размена во периодот јануари - август 2025 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2024 година претставува намалување за 1,3 п.п.. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 93,1% и 89,0%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 1,7 п.п, додека кај увозот е намалена за 1,0 п.п. во однос на периодот јануари – август 2024 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - VIII - 2024 | | | | | I - VIII - 2025 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 3.970,2 | 6.614.333.027 | 61,5508 | 407.117.489.255 | 90,1 | 4.139,4 | 6.711.813.392 | 61,5958 | 413.419.515.324 | 89,0 | 97.480.365 | 1,47 |
| УСД | 386,0 | 716.769.851 | 56,7876 | 40.703.639.596 | 9,0 | 479,2 | 844.817.592 | 55,5437 | 46.924.294.913 | 10,1 | 128.047.741 | 17,9 |
| ГБП | 1,9 | 15.870.703 | 72,1815 | 1.145.571.171 | 0,3 | 1,3 | 14.252.021 | 72,6339 | 1.035.179.849 | 0,2 | -1.618.683 | -10,2 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 4.358,2 | | | 448.966.700.022 | 99,1 | 4.619,9 | | | 461.378.990.085 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 4.371,8 | | | 451.939.270.768 | 100,0 | 4.634,8 | | | 464.340.007.285 | 100,0 | | 2,7 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во периодот јануари – август 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 213.652 милиона денари, што претставува 59,0% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 8,2% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2024 година. Во рамки на вкупните приходи, 196.390 милиони денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 61,5% од планираниот износ за 2025 година, односно се забележува раст од 6,7% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ од 121.486 милиони денари (реализација од 61,2% од планираниот износ за 2025

година), додека придонесите се реализирани во износ од 73.941 милион денари (годишен раст од 8,4%, односно 63,1% од планираниот износ за 2025 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај приходите по основ на: данок на личен доход за 7,1%, данок на добивка за 5,4%, данок на додадена вредност за 3,2%, акцизи за 9,4% и увозни давачки за 15,5%, додека другите даночни приходи бележат намалување за 8,6%. Во овој период, неданочните приходи бележат зголемување од 22,9%, капиталните приходи за 44,3%. а приходите по основ на странски донации за 64,9%.

Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – август 2025 година изнесува 241.975 милиони денари, што претставува 59,9% од годишниот план, и бележи зголемување за 9,5% во однос на истиот период од 2024 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 224.822 милиона денари или 63,1% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 9,9% во однос на истиот период од 2024 година. Раст се забележува кај расходите за плати и надоместоци за 10,5%, кај расходите за стоки и услуги за 6,3% и кај каматните расходи кои се зголемени за 9,5%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 10,1%, водени од растот кај социјалните трансфери за 12,4%, расходите за здравствена заштита за 10,8% и блок и наменските дотации за 10,2%. Расходите за субвенции и трансфери се намалени за 5,0%. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 17.153 милиони денари (36,2% во однос на планираниот износ).

**Табела 3.1**. Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари – август 2025 година

| | Буџет 2025 | Ребаланс 2025 | јануари - август 2025 | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **358.838** | **362.377** | **213.652** | **8,2%** | **59,0%** |
| **Даноци и придонеси** | **319.234** | **319.196** | **196.390** | **6,7%** | **61,5%** |
| Даноци | 198.607 | 198.607 | 121.486 | **6,0%** | **61,2%** |
| Данок на личен доход | 35.676 | 35.676 | 21.292 | **7,1%** | **59,7%** |
| Данок на добивка | 23.287 | 23.287 | 15.293 | **5,4%** | **65,7%** |
| ДДВ | 86.692 | 86.692 | 53.949 | **3,2%** | **62,2%** |
| Акцизи | 35.388 | 35.388 | 20.804 | **9,4%** | **58,8%** |
| Увозни давачки | 16.255 | 16.255 | 9.556 | **15,5%** | **58,8%** |
| Други даночни приходи | 1.309 | 1.309 | 592 | **-8,6%** | **45,2%** |
| Придонеси | 117.095 | 117.096 | 73.941 | **8,4%** | **63,1%** |
| **Неданочни приходи** | **26.302** | **30.608** | **13.607** | **22,9%** | **44,5%** |
| **Капитални приходи** | **3.510** | **2.830** | **863** | **44,3%** | **30,5%** |
| **Странски донации** | **9.792** | **9.743** | **2.792** | **64,9%** | **28,7%** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **400.188** | **403.728** | **241.975** | **9,5%** | **59,9%** |
| **Тековни расходи** | **353.032** | **356.377** | **224.822** | **9,9%** | **63,1%** |
| Плати и | 48.141 | 49.189 | 31.328 | **10,5%** | **63,7%** |



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| надоместоци | | | | | |
| Стоки и услуги | 26.325 | 28.025 | 14.493 | **6,3%** | **51,7%** |
| Трансфери | 257.721 | 258.546 | 164.574 | **10,1%** | **63,7%** |
| Социјални трансфери | 191.046 | 193.296 | 123.856 | **12,4%** | **64,1%** |
| ПИОСМ | 119.995 | 122.515 | 79.863 | **15,8%** | **65,2%** |
| Агенција за вработување | 3.439 | 3.434 | 986 | **-33,1%** | **28,7%** |
| Социјална помош | 15.080 | 14.831 | 9.941 | **0,0%** | **67,0%** |
| Здравствена заштита | 52.531 | 52.516 | 33.066 | **10,8%** | **63,0%** |
| Други трансфери | 64.211 | 61.664 | 39.295 | **3,0%** | **63,7%** |
| Каматни плаќања | 20.845 | 20.617 | 14.427 | **9,5%** | **70,0%** |
| **Капитални расходи*** | **47.156** | **47.351** | **17.153** | **/** | **36,2%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-41.350** | **-41.350** | **-28.323** | **20,0%** | **68,5%** |

Извор: Министерство за финансии
* Методологијата на евиденција за прикажување на капиталните расходи е променета во 2025 година и не може да се спореди со износот за капитални расходи за истиот период од 2024 година.

**Графикон 3.1.** Структура на остварени даночни приходи, јануари-август 2025 година




Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.2.** Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари-август 2025 година




Извор: Министерство за финансии

Во периодот јануари – август 2025 година е остварен дефицит на Буџетот на РСМ во износ од 28.323 милиони денари, што претставува 2,8% од проектираниот БДП за 2025 година, односно 68,5% од годишниот план.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk



**Графикон 3.3.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – август 2025 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади реализира 53.895 милиони денари или 75,0% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (73,6%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 39.683 милиони денари или 78,6% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 18,1% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 68,8% (9.778 милиони денари) од планираните за 2025 година.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 27.492 милиона денари, што е 61,4% од вкупниот буџет за 2025 година. Најголем дел од расходите (57,7%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 15.873 милиони денари или 66,3% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 23,0%, за што се потрошени 6.332 милиона денари, односно 64,7% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – август 2025 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 10.205 милиони денари, што претставува 61,5% од сопствениот буџет за 2025 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 68,8%, за што се потрошени 7.016 милиони денари или 64,5% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 16,2%. За таа намена беа реализирани 1.649 милиони денари или 58,9% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 6.192 милиона денари што претставува 75,5% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 93,2% во вкупните расходи, реализирани се 80,5% од планираните средства за цела година, односно 5.768 милиони денари.

Во периодот јануари – август 2025 година, Министерството за одбрана реализира 12.430 милиони денари, што е 60,8% од вкупниот буџет за оваа година. Капитални расходи има најголемо учество во расходите со 37,3%, па за таа намена реализацијата изнесува 4.637 милиони денари (55,1% од вкупно предвидените средства за тековната година). Плати и надоместоци учествуваат со 33,5% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 4.160 милиони денари, односно 63,9% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – август 2025 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 2.060 милиони денари, односно 44,5% од планираните средства за 2025 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 51,9% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 1.069 милиони денари (41,4% од предвидените средства).

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари-август 2025 година)*




Извор: МФ.

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 4.861 милион денари или 60,7% од вкупниот буџет за 2025 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 52,8%, за што се потрошени 2.567 милиони денари или 73,4% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 2.073 милиони денари (56,6% од планираното за годината) и учество од 42,6% во вкупните расходи.

Во периодот јануари – август 2025 година, Министерството за транспорт реализира средства во износ од 8.060 милиони денари, што претставува 44,8% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 91,4% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник (7.368 милиони денари или 44,2% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 1.042 милиона денари, што претставува 55,1% од предвидените за 2025 година. Плати и надоместоци (528 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 50,6%, а притоа се реализирани 61,2% од планираните. По основ на капитални расходи отпаѓаат 26,7% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 278 милиони денари или 43,3% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска *(http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/)*.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување

Во август 2025 година, во Агенцијата за вработување беа регистрирани вкупно 129.298 новозасновани работни односи[4]. Во однос на истиот период од 2024 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 5,2%.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица *(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 44,0% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во

[4] Во извештајниот период, за едно лице можат да се регистрираат повеќе пријави на засновани работни односи (М-1 обрасци), кои се евидентираат и бројат во вкупниот број регистрирани пријави (Агенција за вработување).

август 2025 година, 14,1% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во август 2025 година изнесува 137.627, од кои 95.032 лица се активни баратели на работа, а 42.595 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 5,2%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на јули 2025 година, бројот на невработени е намален за 1.894 лица.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (59,3%) е градско население, а според половата структура 48,4% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 67,0% е со непотполно средно образование или помалку, 25,3% со завршено средно образование, а 7,6% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,9% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 56,6% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 13,4% чекаат 8 и повеќе години.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

## Плати

Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во јули 2025 година изнесувала 45.276 денари и остварила годишен раст од 10,5%, а во однос на јуни 2025 година таа е пониска за 0,4%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на јули 2024 година се забележува во следните сектори: Административни и помошни услужни дејности (16,5%), Образование (15,0%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (14,8%). Во јули 2025 година, реалните плати забележаа годишен раст од 5,5%. Највисока просечна нето-плата во јули 2025 година била исплатена во секторот Информации и комуникации (82.396 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата бил исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (102.689 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со 61.623 денари, секторот Рударство и вадење камен со 54.881 денар и секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 54.712 денари.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Просечната номинална бруто-плата во јули 2025 година изнесувала 68.102 денара и споредено со истиот месец од 2024 година пораснала за 10,6%, а на месечна основа таа е пониска за 0,3%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во јули 2025 година во однос на јули 2024 година се забележува во следните сектори: Административни и помошни услужни дејности (16,7%), Образование, Дејности на здравствена и социјална заштита (15,0%) и Земјоделство, шумарство и рибарство (12,3%).

**Графикон 4.5:** Просечна нето-плата по сектори, јули 2025 година
*(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во август 2025 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување беа евидентирани 344.603 пензионери. Во септември 2024 година беше изменет Законот за пензиско и инвалидско осигурување, согласно кој од 1.10.2024 година има линеарно покачување на сите видови пензии за 2500 денари. Од вкупниот број пензионери, 71,6% се корисници на старосна пензија или 246.567 пензионери, 21,4% на семејна пензија или 73.715 пензионери и 7,1% на инвалидска пензија, односно 24.321 пензионер.

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Просечната пензија во август 2025 година изнесува 26.139 денари, што покажува дека таа е повисока за 23,3% во однос на истиот месец од 2024 година[5]. Просечната старосна пензија во август 2025 година изнесува 27.761 денар, просечната инвалидска пензија 23.673 денари, а просечната семејна пензија 21.527 денари. Овој месец за исплата на пензиите беа потрошени 8.868 милиони денари, што претставува 61,4% од вкупните социјални трансфери.

Соодносот на просечната пензија во август 2025 година со просечната исплатена плата во јули 2025 година (последни расположливи податоци) изнесува 57,8%.

**Табела 4.1** Податоци за пензиски примања за август 2025 година

| Корисници на пензија | број | структура | просечна пензија |
|---|---|---|---|
| старосни | 246.567 | 71,6% | 27.761,00 |
| инвалидски | 24.321 | 7,1% | 23.673,00 |
| семејни | 73.715 | 21,4% | 21.527,00 |
| Вкупно | 344.603 | 100,0% | 26.139,00 |
| **Корисници на миним. земјоделски пензии** | 30 | | 15.955,00 |

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

| | | |
|---|---|---|
| **Корисници на воени пензии** | 690 | 34.572,00 |
| **Вкупно** | 345.323 | 26.155,00 |
| **Извор: Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија** | | |

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во август 2025 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 5,35%, при поизразени ризици од надворешното окружување. Одлуката за постепено олабавување на монетарната политика се заснова на оцената на инфлацијата и поволните движења на девизниот пазар.



Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити (август 2025 година)
Извор: НБРСМ.

Во август 2025 година, Народната банка ја задржа каматната стапка на расположливите депозити преку ноќ и расположливите депозити на седум дена на нивото од 3,95% и 4,00%, соодветно.

### Примарни пари

Во август 2025 година, примарните пари[6] се намалија за 7,3% на месечно ниво. Падот на примарните пари се должи на намалувањето на вкупните ликвидни средства за 15,4%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 1,0%.

Во август 2025 година, примарните пари се зголемија за 8,4% на годишно ниво, што се должи на растот на готовите пари во оптек за 13,2% и на растот на вкупните ликвидни средства за 3,2%.

### Депозитен потенцијал[7]



Графикон 5.2: Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*
Извор: НБРСМ.

Во август 2025 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 1,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на претпријатијата се зголемиле за 3,0%, а депозитите на домаќинствата регистрирале раст од 0,4%.

Од аспект на валутата, во август 2025 година споредено со претходниот месец,

[6] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.
[7] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

депозитите во домашна и депозитите во странска валута се зголемија за 1,0% и 1,9%, соодветно.

Во август 2025 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 12,4% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 18,2%, а депозитите во странска валута за 4,6%.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 14,5% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 12,4%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (август 2025 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***627.082*** | ***1,4%*** | ***12,4%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *379.680* | *1,4%* | *18,2%* |
| *Странска валута* | *247.402* | *1,9%* | *4,6%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *232.536* | *2,8%* | *6,6%* |
| *Долгорочни* | *154.105* | *0,5%* | *13,8%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***527.590*** | ***0,4%*** | ***12,9%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *337.198* | *0,8%* | *19,6%* |
| *Странска валута* | *190.391* | *-0,3%* | *2,7%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *77.579* | *-1,2%* | *12,1%* |
| *Долгорочни* | *434.366* | *0,6%* | *14,0%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 6,6%, додека долгорочните депозити регистрираа раст од 13,8%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и овој месец изнесува 60,5%.

## Кредити на банките

Во август 2025 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,4% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на претпријатијата за 0,1% и раст кредитирањето на домаќинствата за 0,6%.

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 0,8%, а девизните кредити се намалија за 0,3%.

На годишна основа, во август 2025 година вкупните кредити се зголемија за 12,9%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 15,4% и 10,6%,

соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 19,6%, додека кредитите во странска валута регистрираа раст од 2,7%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 14,0%, а краткорочните кредити од 12,1%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во август 2025 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,01 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 4,90%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 5,30%, а каматната стапка на девизните кредити регистрираше раст од 0,02 п.п. и изнесува 4,26%.

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Во август 2025 година, вкупната каматна стапка на депозитите се намали за 0,02 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 2,19%. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,04 п.п. и изнесува 2,70%, додека каматната стапка на девизните депозити остана непроменета и изнесува 1,67%

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 4,66%, а на новоодобрените девизни кредити 3,68%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,33% и 1,70%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во август 2025 година се зголеми за 43,4% на месечно ниво, како резултат на растот од прометот од блок трансакциите за 387,3%, а од друга страна прометот од класичното тргување се намали 17,9%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во август 2025 година изнесува 515,3 милиони денари, што претставува раст од 0,7% на годишно ниво.

На крајот на август 2025 година македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 10.456,70 индексни поени, при што на месечно ниво е речиси непроменет, односно се зголеми за 0,02%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е зголемен за 21,9%.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на август 2025 година е 4.754,44 милиони евра и во однос на претходниот месец тој е зголемен за 1,8%, а во однос на август 2024 година тој е зголемен за 6,4%.